**20241262245**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 375 став (2) од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 302/20, 122/21 и 33/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 јуни 2024 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА 2024 - 2029 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се формира Координативно тело за изготвување на Национална стратегија за безбедност на сообраќајот на патиштата 2024 - 2029 година (во натамошниот текст: Координативно тело).

Координативното тело е составено од 11 члена и тоа:

1. м-р Гордана Кожуваровска - член од Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Република Северна Македонија,
2. м-р Тони Јакимовски - член од Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Република Северна Македонија,
3. Киро Ристовски - член од Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Република Северна Македонија,
4. Дејан Трајковски - член од Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Република Северна Македонија,
5. Горанчо Петровски - член од Министерство за внатрешни работи,
6. Марјан Копевски - член од Министерство за транспорт и врски,
7. Синан Шабани - член од Министерство за здравство,
8. Урим Ибраими - член од Министерство за економија,
9. Ѓорги Панделиев - член од Министерство за образование и наука,
10. проф. д-р Јасмина Буневска Талевска - член од Технички факултет – Битола и
11. проф. д-р Никола Дујовски - член од Факултет за безбедност – Скопје.

Член 2

Со Координативното тело ќе претседава м-р Гордана Кожуваровска - член од Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на Република Северна Македонија.

Член 3

Координативното тело ќе се состанува 12 пати годишно, а по потреба и повеќе.

Член 4

За својата работа Координативното тело донесува Деловник за работа.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-4499/6
6 јуни 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
м-р **Талат Џафери**/**Talat Xhaferi,** с.р.